ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА
РОДИНА МАКЕДОНИЈА

# ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ

## ВРАЌАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.rodina.org.mk

## Идеологија

Тргнувајќи од културните и традиционални вредности на македонскиот народ, водени од природните принципи и праведни закони, каде што сите сме еднакви и сите сме дел од една целина, еден род и како такви треба да му служиме заедно, а најдобрите да бидат први во тој ред и дека тоа е должност и обврска на секој Македонец, а притоа имајќи ги предвид милениумските слоеви од култура, традиција и цивилизација преточени во нас Македонците како дел од нашето битие, знаење и начин на живот, при што мудроста, разумот и силата ни овозможиле да опстоиме низ илјадалетијата како еден од ретките народи и притоа, имајќи ги предвид тие вредности поради кои нашата држава ќе биде место каде сите треба да имаат право на достоинствен живот и сопствен развој, а сето ова со цел за создавање на основа за праведна, стабилна и просперитетна Македонија, ја создадовме Родина Македонија, #Организација за народот.

Земајќи го предвид деценискиот отсуство на национална стратегија за зачувување и јакнење на македонизмот во секој од нас поединечно, при што сме доведени во ситуација одродени идеологии и стратешки добро подготвени системи од надвор да ја нагризуваат суштината на нашето општество и начинот на живот и да ги негираат природните закони и човековиот Создател, како и нападите на традиционалните вредности и семејството, манипулацијата со децата, жените, девалвирањето на чесниот труд и чесниот човек се состојби кои се спротивни на македонските традиции, идеали и морал, ја создадовме Родина Македонија, #Организација за народот.

Свесни дека сето погоре доведува до духовна и морална деградација, изнемоштеност и беда на нашиот род, која се користи за обезличување на македонското име, народ и неговата суштина и идентитет, денес сме донесени пред судот на историјата во кој сме исправени пред неправдата и перфидното насилство, за да докажеме пред себе си дека сме на страната на доброто, традицијата, народното и изворното во нас, за да постоиме како Македонци, ја создадовме Родина Македонија, #Организација за народот.

Сфаќајќи дека доброто е нашиот сојузник и вечен заштитник и тоа ни дава сила да опстоиме како народ кој ја носи светлината во своите гени и во својата свест, отсечно велиме:

„Време е да им се вратиме на нашите изворни вредности, да изразиме љубов кон: родот човечки, родот македонски, семејството, породот, народот, традицијата, духовноста и моралот.

Веруваме во способноста и вољата на македонскиот народ да ги земе работите во свои раце и да ја врати државата на изворните принципи и вредности на македонскиот народ. Родина значи да се љуби својот народ како прв и единствен услов за зачувување на Македонија и македонските идеали. Родина Македонија се залага и верува во принципот на меритократија, служење на народот и служба на најдобрите во име на народот и затоа ги утврди следниве ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА:

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

# Програмски цели на Политичката партија Родина Македонија

*Темелните начела врз кои Родина Македонија ги гради целите и ќе се стреми да ги реализира се:*

**1. Развивање на чувството на родољубие и чувството на припадност кон македонскиот народ.**

**2. Застапување и промовирање на културните, духовните и традиционалните вредности на македонскиот народ.**

**3. Градење на општествено-политички услови претпоставки за воспоставување на модел на политичко-административно управување, базиран на изворна македонска доктрина и еманципирање на македонскиот народ и држава која во секој момент ќе одговори на странските штетни дејствија и влијанијата врз целокупниот вредносен систем на нацијата и државата.**

**4. Промовирање на националната, културната, историската, цивилизациската и духовната посебност и потенцијал на македонскиот народ.**

*Врз основа на овие темелни начела, Родина Македонија особено ќе се залага за остварување на следниве цели:*

РОДИНА


**www.rodina.org.mk**

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413


**ГЛАСАЈ 14**

## 1. Поднесување на барање за враќање на името Република Македонија во ООН.

*Процесите кои претходеа на промена на името во суштина беа процеси кои ги имаа сите елементи на државен удар, организиран по образец на моќните странски служби со единствена цел остварување на нивните геополитички интереси, насилен влез на Република Македонија во НАТО. Притоа, прегазен беше Уставот, Собранието и деловникот на Собранието со нелегитимниот избор на Претседател на Собранието, надвор од собраниска процедура и без потребниот број на гласови. Собранието на Република Македонија ќе ја извести ООН за враќање на името Република Македонија.*

*Родина Македонија не ја исклучува можноста за организирање на референдум за враќање на историските атрибути кои Македонија ги носи со милениуми, односно на знамето со шеснаесетзрачното сонце, како и лавот како грб на Република Македонија, како државни симболи на државата.*





РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 2. Спроведување на АСНОМ-скиот и духот на Уставот од 1991 година во сите нормативни акти и во сите државни и општински институции.

*АСНОМ - ските акти треба да претставуваат основа за современтото уредување на македонската држава. Во сегашните услови на опстој на новиот Устав, Република Македонија повеќе и не е онаа држава за која зборуваат АСНОМ - ските документи, ниту во него се чувствува духот на АСНОМ. Денес имаме т.н. држава во која самоволно, непроцедурално, нелегално и приватно се сменети основните национални белези - името на државата и името на народот во Република „Северна“ Македонија, со што македонскиот народ дури нема ни име!*

*Враќањето на духот на АСНОМ - ските документи ќе значи враќање на сцена на историскиот народ на државата, а тоа е македонскиот народ, зашто тие документи исклучиво во употреба го ставаат тој поим - македонски народ.*

*Ова понатаму соодветно ќе треба да биде вградено и во законодавството како и на сите нивоа на организација на државата и нормирањето на односите.*

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ 14

## 3. Поништување на сите закони и меѓународни договори кои се донесени под закана на сила, спротивни на меѓународното право и вољата на македонскиот народ.

*Врз основа на склучени меѓународни договори (Рамковниот договор, Преспанската спогодба, разни договри за добрососедство, платформи и сл.) донесени се поголем број на закони кои беа и/или се во функција на спроведување на овие договори. Самите договори се нелегитимни, склучени се вон процедура и од неовластени лица или се склучени под принуда. Сите заедно имаат основен проблем: недозволивост, недопустливост на предметот на договарање, а тоа е идентитетот на Македонија и Македонците. Тие сами по себе се ништовни, за такви ќе бидат прогласени, а со тоа и сите правни последици (вклучувајќи ги и законите донесени врз таа основа), ќе бидат поништени.*

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 4. Афирмирање на непосредната демократија по пат на референдум за прашања од посебен интерес за државата и локалните заедници.

*Сите досегашни уставно - правни решенија го предвидуваа референдумот како алатка на непосредната демократија, но сведоци сме дека тоа од разни причини не беше доволно тој навистина и да заживее, а уште помалку да се почитува. Особено видливо непочитување на резултатите од референдумот кои, патем, се задолжителни, беа резултатите од спроведениот Референдум во 2018 година, кога игнорантскиот однос на партијата на власт и нејзините сателити, практично, ги анулираа резултатите. Од тие причини, постои потреба од законско зајакнување на позицијата на референдумот, заради отстранување на сите дилеми и нејасностии во врска со неговото спроведување.*

*Локалните референдуми кои се одржаа против рудниците на смртта во Гевгелија, Богданци, Дојран, Валандово, Василево и Ново Село ја заштитија околината од нејзино трајно уништување. Воедно, сведоци сме како политичките моќници постојано се обидуваат овие референдуми да ги поништат за да ги задоволат алчните корпорациски и партиски интереси. Само референдум може да поништи референдум, а не и политичка или судска одлука.*

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

**ГЛАСАЈ**

**14**

Radio Slobodna Evropa (RFE/RL Graphics)

## 5. Поднесување на барање за учество и зачленување во сите глобални и регионални Евро - азиски интеграции, ЕАЕС, ШОС, Пат на Свилата и други.

Одејќи по патот кон НАТО и ЕУ веќе четврта деценија, Македонија е обезличена, понижена, избришана. Затоа наш приоритет е приклучување на Македонија кон меѓународни сојузи и организации во кои ќе биде почитувано нејзиното име, култура, традиција, историја. Тој пат веќе го одат многу народи кои се жртви токму на западната „цивилизација“ и создаваат алтернативен меѓународен систем.
Евроазија, БРИКС, ШОС и останати се организации каде се почитуваат локалните посебни култури и начини на живеење, без срамни уцени, како што е примерот со ЕУ и НАТО.

Некои од предностите на овие организации во однос на ЕУ се:

- Земјите од БРИКС се економии во развој со значителен потенцијал за раст поради нивната голема популација, проширување на средната класа и зголемена урбанизација. Овој раст претставува можности за инвестиции и проширување на пазарот. Воедно ги немаат строгите и двојните стандарди како што ги има ЕУ, а со кои го штитат своето домашно производство.
- Многу земји од БРИКС поседуваат изобилство природни ресурси, вклучувајќи нафта, природен гас, минерали и земјоделско земјиште, можности за поттик на економскиот развој  Цените на овие енергенси во БРИКС и Евроазија се пониски во однос на ЕУ.
- Земјите од БРИКС колективно имаат значително геополитичко влијание, при што некои се членки на големи меѓународни организации како што е Советот за безбедност на Обединетите нации, платформа која им дава можност да ги наметнат своите интереси на глобалната сцена. Поддршка од овие држави ќе биде потребна кога ќе го започнеме процесот за враќање на името Република Македонија во ООН.


РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413


ГЛАСАЈ

14

## 6. Соработка за помирен и побезбеден свет со нашите истомисленици, патриотите од американскиот континент, европските нации, а особено преку братските словенски народи и Русија, новите регионални и светски сили како Турција, Индија, Кина и др.

*Родина Македонија ќе води мулти-векторска политика, односно дипломатски, економски и безбедносни односи со повеќе региони или блокови со цел да ги прошири своите сојузи и да ја намали зависноста од кој било партнер. Притоа како еден од предусловите ќе биде градење на односи на меѓусебното почитување, а тоа значи почитување на македонското културно и историско наследство, како и името Република Македонија.*
*Ќе се ангажираме и со западните и со источните сили, како и со регионалните актери, за да одржиме рамнотежа на силите и да ги обезбедиме своите интереси.*
*Во економијата, ќе вклучиме проширување на трговските партнерства и инвестициските портфолија за да се ублажат ризиците поврзани со потпирање на единствен пазар или сектор. Овој пристап има за цел да го рашири ризикот и да ги максимизира можностите за раст и стабилност.*

*Нашата надворешна политика ќе се карактеризира со нејзина флексибилност, приспособливост и способност да се движи пред сложените и меѓусебно поврзани предизвици со истовремено разгледување и решавање на повеќе фактори или димензии.*

*За Родина Македонија односите со Русија и со другите словенски земји се од посебен национален интерес. Русија е нашиот стратешки, природен партнер кај големите сили. Родина Македонија не ја исклучува и соработката со суверенистичките сили од западните земји, САД и Европа.*

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 7. Балканот како регион на мирот, со слободен проток на луѓе, добра, идеи и регион со подеднакви права на сите народи.

*Балканот е регион кој има долга историја на поделби, конфликти и тензии поради различни фактори како што се етничките, верските и политичките разлики. Ние, народите на Балканот имаме одговорност нашиот полуостров да го претвориме во регион на мирот, со слободен проток на луѓе, добра и идеи и регион со подеднакви права за сите народи. Родина Македонија ќе биде посветена на таа задача.*

*Република Македонија е водач во спроведување на малцинските права. Од друга страна, членките на ЕУ не ги почитуваат ниту основните човекови права на Македонците во нивните земји. Родина Македонија ќе се залага за подеднакви права на сите народи кои живеат на Балканот, вклучително и за нашиот македонски народ.*

РОДИНА


www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413


ГЛАСАЈ 14

## 8. Не во НАТО, не во Европската Унија.

*Ова подразбира соработка само со оние меѓународни организации кои ќе ги почитуваат принципот на меѓусебна рамноправност. Исто така, ова неминовно значи и повлекување од воените мисии на НАТО, како и самото членство во оваа воена структура, заради градење на политика на мироѓубивост која е својствена на македонскиот менталитет и култура.*

*Оваа одлука е обврска од референдумот одржан на 30 Септември 2018 година, кој е задолжителен за сите политички и општествени чинители.*

*Родина Македонија ќе се залага за мирно решавање на конфликтот во Украина, без било какво мешање на нашата држава.*



ГЛАСАЈ

14

## 9. Барање за напуштање на сите странски формални и неформални воени и слични формации од територијата на Република Македонија.

Со реализација на програмската цел за напуштање на воените структури, првенствено на НАТО и на сличните инсталации кои произлегуваат од оваа организација, ќе се спроведе акција според важечките меѓународни акти за поднесување на барање за напуштање на овие воени и милитантни структури на територијата на Република Македонија.



ГЛАСАЈ 14

## 10. Поништување на регистрацијата и дозволата за работа на сите НВО финансирани со странски средства.

Невладините организации кои се финансирани од западни амбасади и фондови станаа алатка за остварување на интересите на западните земји и сојузи, а со тоа и нивни агенти. Такви организации беа искористени за уривање на уставниот поредок на Република Македонија, како и за уривање на влади кои не се од интерес на западните земји.



Родина Македонија ќе се залага за донесување на закони кои ќе бараат од невладините организации да ги откријат своите извори на финансирање, активности и врски. Ова може да помогне да се идентификуваат какви било врски со странски држави и да се обезбеди транспарентност во нивното работење. Ќе се донесат закони против незаконски активности, како што се шпионажа или мешање во домашните работи, без разлика дали тие се извршени од невладини организации или други субјекти. Исто така ќе се работи на подигање на јавната свест и едукација со едуцирање на јавноста за ризиците поврзани со странско мешање преку НВО; промовирање критичко размислување и свесност за пропаганда и тактики за манипулација што може да ги користат странските актери; дипломатски мерки со користење на дипломатски канали за решавање на загриженоста на странските држави осомничени дека користат невладини организации за нелегални активности. Ова може да вклучи дијалог, преговори или санкции доколку е потребно.

ГЛАСАЈ

14

## 11. Национализација на сите стратешки важни субјекти и фирми.

Нашата држава беше предмет на грабеж од страна на локални и корпорациски моќници кои приватизираа национални ресурси и општествен имот кој македонскиот народ го градеше повеќе од 50 години. Притоа, истите ги нарушија пазарните принципи, дел од нив воспоставија монополи и високи цени за нивните услуги, а сите заедно извршија дислокација на општествениот капитал од народни во приватни раце. Меѓународните корпорации извршија пренос на средствата од Република Македонија кон нивните седишта, главно, кон западните земји.

Предмет на овие мерки, исто така, ќе бидат индустрии и компании кои се сметаат за клучни за националната безбедност, економската стабилност и јавниот интерес. Родина Македонија ќе ја поттикнува приватната иницијатива во сите други сегменти од економијата.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

# 12. Ревизија на сите приватизации и враќање во државна сопственост и/или продажба со обесштетување на поранешните вработени и нивните семејства.

Севкупниот имот кој народот го градеше во време на социјалистичкото општество после осамостојувањето беше предмет на приватизацијата, односно грабеж од политичките и општествени елити. До ден-денес одредени општествени имоти како што се ОХИС, Стаклара, Газела и други, се изнајмуваат на приватни фирми, при што закупот оди во приватни раце.

Нашата цел е да се изврши ревизија на приватизацијата, да се врати украдениот имот и со средствата да се обесштетат поранешните вработени, а доколку се починати, нивните наследници.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 13. Конфискација на нелегално стекнатиот имот и иницирање на судски постапки заради криминалните дејствија на поединци и групи поврзани со нелегалното стекнување на имот.

Тргнувајќи од законските одредби дека никој не може да ги задржи или присвои предметите кои што настанале од извршување на кривично дело, ќе се спроведе широка и темелна акција за судска разрешница на противправно стекнат имот, зашто никој не може да ја задржи непосредната и посредната корист прибавена со кривично дело.  Имотната корист ќе се конфискува и од членови на семејството на сторителот или трети лица на кои е пренесена.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

# 14. Градење на силни армиски, резервни, доброволни и полициски сили за обезбедување на границите и внатрешната безбедност, со приоритет за вработување на бранителите и нивните деца.

На Република Македонија ѝ е потребна целосна трансформација на одбранбено - безбедносниот систем. Досегашното „градење“ на овој животопотребен систем практично се засноваше на негово разградување сè до степен на целосна зависност од структурите на милитантно ориентираната НАТО алијанса, каде што ние природно не можеме и не смееме да припаѓаме. Врв на исмевањето и омаловажувањето на нашата сувереност и, во тие рамки, одбраната и безбедноста, претставува „чувањето“ на нашиот воздушен простор од страна на нашите докажани непријатели, Грците.
Ова не значи дека Република Македонија треба да ги избегнува меѓународните сојузи, здружувања и други форми на одбранбено - безбедносна соработка. Но, притоа, треба да се воспостави само оној вид на соработка кој ја гарантира безбедноста и суверенитетот на Република Македонија и со оние партнери кои немаат никакви тајни претензии кон нашата држава или кои се во функција на поддршка на оние сили кои имаат непријателски намери кон Република Македонија.

Исто така, Родина Македонија ќе се залага особено за:

- Воведување на задолжителен воен рок за мажи од 18 години, а доброволен за жени.
- Создавање на силна професионална војска, опремена со најнови орудија.
- Резервна војска која на 5 години ќе одржува воени вежби со професионалната.
- Вработување на деца на бранители во безбедоносните структури.
- Оружје за секој неосудуван Македонец, кој во даден момент може да биде дел од полициските или воени структури во време на вонредни состојби.

РОДИНА


www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413


ГЛАСАЈ 14

# 15. Преиспитување со можност за одземање на сите нелегално издадени македонски државјанства доделени од политички причини.

Во деведесеттите години, тогашниот прв Претседател на Република Македонија, преку втората влада на Република Македонија, додели околу 150.000 државјанства на албанско население од околните држави, односно главно од Косово. Настрана што за тоа немаше никаква законска основа, а уште помалку потреба, со овој чин се направи првиот чин на етноцид на македонското население во независна Македонија. Некои од доселените лица беа вклучени во антимакедонската војна во 2001 година, како докажани терористи. За жал, во последно време повторно е актуелна можноста за нов, неконтролиран и апсолутно непотребен прилив на Албанци од Косово и доделување на државјанства, со што значително, односно сериозно ќе се загрози етничката посебност на Македонците.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 16. Спречување на доселување и легализирање на мигранти во Република Македонија.

Република Македонија е дел од проект на западните глобални елити на замена на автохтоното население со население од други земји, а со тоа и губење на милениумскиот културен идентитет на Македонецот. Тој процес се одвива и на територијата на западна Европа, односно ЕУ, која е водена од неизбрани европски лидери, како и во САД, под водството на актуелното раководство.

Родина Македонија ќе ја повлече Република Македонија од сите меѓународни договори каде се овозможуваат ваквите процеси и ќе започне процес на враќање на македонскиот народ во Република Македонија.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 17. Издавање на пасоши на сите Македонци од светот кои тоа ќе го побараат и доделување на земја за нивно враќање и населување во татковината.

Македонците веќе неколку века се предмет на етнички чистења, преселби, асимилиации, тортури и непочитување на основните човекови права. Република Македонија е матична држава на сите Македонци.

Родина Македонија ќе воспостави едноставен електронски систем за добивање на државјанства на сите Македонци по род од поробените делови на Македонија и иселеништвото, кои тоа ќе го посакаат.

Ќе се обезбеди и државно земјиште за изградба на родови имоти за враќање на Македонците во нивната родна грутка Македонија.

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 18. Целосна интеграција на македонскиот народ.

Сметаме за потребно да ја искажеме нашата намера за целосно интегрирање во единствен македонски етнос на сите Македонци каде и да се и каква и да е нивната определба. Неправдата која е нанесена во овој поглед особено ја чувствуваат Македонците со муслиманска вероисповест кои од необјасниви причини се наречени со име кое треба да ги обележи и разликува од останатите Македонци. Ваква поделба не е присутна кај ниту еден народ, па е неправедно понатамошното жигосување на една група Македонци само затоа што има поинакво религиско разбирање за светот.

Оттука, секое понатамошно разликување на Македонците по оваа или слична основа ќе треба да биде целосно напуштено, а по потреба и санкционирано доколку во тоа и во таквото разликување биде почувствувана намера.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 19. Обезбедување и привлекување јавни и приватни инвестиции, ниски даноци и финансиска поддршка за сите претприемачи на мали и средни претпријатија за силен економски раст, со обезбедување на поволности за враќање на Македонците во Македонија.

Родина Македонија ќе се залага за:

- Креирање на услови за слободен развој на приватната инцијатива, ослободена од државните и општински стеги, елиминирање на локалните феудалци и криминално рекетарско подземје.
- Заштита на инвестираното, поткрепа од државните фондови и комплетна инфраструктура за развој на претпријатието.
- Обезбедување на поволности и создавање на предуслови за враќање на Македонците во Македонија.
- Професионализација на државните и општинските институции и еднакви услови и пристап до услугите за сите.
- Развоен буџет насочен кон помош на реалниот економски сектор

*Македонската економска политика ќе се спроведува централизирано од владата и министерствата со општествен надзор на работата на министерствата преку народни општествени совети од граѓани избрани од народот.*


РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413


ГЛАСАЈ

14

# 20. Органско и еколошко земјоделство и ГМО-слободна Македонија.

Во делот на производство на здрава храна Родина Македонија предлага:

- Одржливи земјоделски практики: нагласувањето на одржливите земјоделски практики е од суштинско значење за промовирање на здравјето на почвата, зачувување на водните ресурси и минимизирање на употребата на штетни хемикалии. Практиките како што се органското земјоделство, пермакултурата и агроекологијата се фокусираат на одржување на балансиран екосистем и намалување на негативните влијанија врз животната средина.
- Ротација и диверзификација на културите: плодоредот вклучува садење различни култури во последователни сезони за да се подобри плодноста на почвата и да се намали ризикот од штетници и болести. Диверзификацијата на земјоделските култури промовира добро заокружена исхрана со зголемување на разновидноста на достапните хранливи намирници.
- Интегрирано управување со штетници (ИПМ): IPM е пристап кој комбинира различни техники за ефикасно контролирање на штетниците додека ја минимизира употребата на пестициди. Овој метод вклучува следење на штетниците, користење биолошки контроли, спроведување на културни практики и прибегнување кон хемиска интервенција само кога е потребно.
- Ефикасно управување со водите со спроведување на техники за ефикасно наводнување со вода, како што се наводнување капка по капка и прецизно наводнување кои помагаат да се оптимизира користењето на водата во земјоделството. Ефикасното управување со водите го намалува отпадот од вода, обезбедува земјоделските култури да добијат соодветна хидратација и помага да се спречи загадувањето на водата.
- Додадена вредност на основните култури преку нивна преработка.
- Земјоделска берза и вистинско вреднување на трудот на земјоделецот.
- Светска кампања за македонските земјоделски производи, кои се карактеризираат со посебен квалитет.
- Задоволување на домашните потреби за храна со домашно еколошко производство ослободено од ГМО, пестициди и хемиски препарати кои директно влијаат на здравјето на луѓето.

Засекогаш затворање на проблемот со Иловица-Штука. Г-1 загадувачка индустрија на Југоистокот (Струмичка котлина и Јужна долина), како најземјоделски регион во Република Македонија никогаш не смее да има.





## 21. Укинување на извршителите, на несразмерно високите казни и блокирањето на сметки. Домот не може да е предмет на хипотека.

Јавната функција „Извршител“ стана неверојатен, пред сѐ финансиски товар за обичниот човек. Немилосрдното извршување кое повеќекратно го надминува евентуалниот долг, постепено го претвора човекот во нов вид на пролетеријат, односно го става во позиција на должничко - доверителски роб, а со тоа општеството сѐ повеќе го губи човечкиот лик.

Функцијата „Извршител“ треба да биде укината, а надлежностите да бидат прераспоредени во соодветни државни институции.

Притоа, живеалиштата на луѓето не смеат да бидат објект на никакво посегање од страна на државата или од кој било друг субјект.

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 22. Социјална и пензиска заштита за секого, за да ниеден Македонец и/или семејство не бидат оставени сами на себе.

Родина Македонија ќе се залага за даночни олеснувања за семејствата пропорционално со бројот на родени деца; продолжено времетраење на породилното отсуство; загарантирана 40 часовна работна недела; воведување на саатница, наместо дневница; пензиски социјални програми; ограничување на старосната граница за пензионирање до 64 години, со можност за зголемување на границата врз основа на согласност на вработениот; минимална државна старосна пензија за сите лица со навршена одредена возраст; социјални програми за вработување за луѓе со инвалидитет или пречки во развојот; подобрување на државната грижа за деца и млади без родители и родителска грижа; програми за работен ангажман на младите уште од 16 годишна возраст во компании кои се дел од нивниот избор на струка со 4 часовен работен ден и субвенционирање од државата; социјална помош за невработени до моментот на вработување и меѓу вработувањата; социјална помош за лица трајно неспособни за работа.

Ќе настојуваме бројот на разводи да го намалиме преку стручни укажувања и советувања, но доколку дојде до развод, децата не смеат да станат жртви. Ќе се залагаме за заедничко и одговорно родителство и по развод.





# 23. Воспоставување на систем на квалитетна здравствена заштита за секого и право на информирана согласност при секоја медицинска интервенција.

Родина Македонија ќе се залага за воспоставување на систем на квалитетна здравствена заштита за секого, со целосна реформа на здравствениот систем, почнувајќи од матичните доктори, осовременување на здравствената инфраструктура, враќање на достоинството на професијата лекар, како и поефтини здравствени услуги и лекови и проширување на основната листа на лекарствата и сл.

Родина Македонија посебно ќе се ангажира за отстранување на криминалот, корупцијата, непотизмот и профитерството во здравството.

Сведоци сме на процес на грубо одземање на основните човекови права и слободи, оние кои ги уживаме со денот на нашето раѓање. Основно наше залагање ќе биде поднесување на Закон за измена и дополнување на Законот за заштита од заразни болести согласно усвоените меѓународни конвенции во Собранието на Република Македонија и останата домашна регулатива.

Ревизија и по потреба напуштање на членството во СЗО.

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ
14

## 24. Ревизија на образовниот процес.

Со години наназад сведоци сме на систематско рушење на долгогодишниот воспоставен и разработен образовен систем. Ќе бидат потребни големи напори за да повторно се воспостави образовен систем кој ќе биде во функција на учениците и студентите. Потребно е да се работи на изградба на современ образовен процес заснован на современи сознанија и достигнувања, а низ кои ќе провејува македонскиот дух и традиција. Со тоа ќе се заштити образовниот процес од негативните влијанија од одредени центри на моќ, кои имаат за цел да ги индоктринираат  децата преку наводно современи и модерни програми, како што е случајот со сеопфатното сексуално образование и родовата идеологија. Сите овие насилно наметнати идеологии се во спротивност со нашите духовни, морални и традиционални вредности. Кон ова се надоврзува и силно изразеното партиско-политичко влијание, како во поглед на назначување на раководните лица на образовните институции, така и во поглед на вработувањата.

Сведоци сме на девалвираната улога на професијата наставник и потребата од враќање на достоинството на таа професија. Државата ќе треба да ја преземе обврската за соодветно кадровско екипирање заради поквалитетно остварување на образовниот процес, но и заради вршење на други стручно административни потреби на образовните институции (основни, средни училишта, факултети).

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 25. Чиста и заштитена природа, заштита на водата, почвата и воздухот со строги македонски регулативи.

Родина Македонија ќе посвети посебно внимание во создавање на национален систем на заштита на природата, водата и воздухот, преку користење на искуства од земји кај кои овој систем е успешен.
Заштитата на природата ќе вклучува различни мерки како што се создавање на заштитени области, управување со отпадот, превентивни акции против загадувањето и одржливо користење на природните ресурси.
Заштитата на водата ќе вклучува мерки за спречување на загадување на водните ресурси, како и управување со водните системи и осигурување на пристап до чиста вода за сите.
Заштитата на почвата ќе вклучува мерки за спречување на ерозијата, загадувањето и деградацијата на почвата, како и промовирање на одржливи земјоделски практики.
Од особено значење ќе биде заштитата на воздухот со оглед на актуелните и сѐ позачестени неприродни влијанија во поглед на аерозагадувањето. Родина Македонија не само што ќе посвети внимание на заштитните мерки, туку ќе преземе низа правни мерки за санкционирање на лицата, органите и претпријатијата кои денес неконтролирано и од профитерски причини активно учествуваат во масовното загадување и штетното влијание врз населението. Мерки за заштита на воздухот вклучуваат превентивни акции против загадувањето од различни извори како што се индустриски отпади, возилата и емисиите од производството. Родина Македонија ќе го забрани увозот на опасен отпад од странство.
Родина Македонија ќе воспостави строги македонски регулативи за заштита на природата, водата, почвата и воздухот.

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 26. Природните ресурси припаѓаат на сите граѓани на Република Македонија, односно државата. Водите, минералите, рудите и другите природни богатства се неотуѓиви.

Со природните ресурси, минералите и рудите се случува класичен грабеж каде за многу низок надомест се ископуваат богатства кои припаѓаат на сите нас.

Родина Македонија ќе ги национализира и ќе ги врати во државна сопственост сите природни ресурси и ќе внимава на еколошкиот момент при нивно експлоатирање. Водата и водните ресурси припаѓаат на македонската нација и не може да бидат отуѓени!


www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413


ГЛАСАЈ 14

## 27. Преиспитување на доделени земјишта за разни намени, пасишта и слични добра, а посебно оние кои се доделени поради политички причини.

Несфатливо е тивкото окупирање на земјиштето било за градење било во вид на некакво стопанско добро, како пасиштата, кое се случува преку диво ставање во процедура на измените и дополнувањата на Законот за градење, на пример. Со тенденција на приграбување на државното земјиште или со узурпација на земјишта и пасишта доделени на подолг рок на одредени национални малцинства, остануваме без земја во сопствената држава (земја).

Оваа точка од програмата подразбира детално преиспитување на досегашните доделени земјишта, пасишта и слични добра и превземање на правни мерки за санкционирање на неправилностите во оваа сфера.

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ
14

## 28. Ослободување на сите политички затвореници судени за Македонија.

Никој не може да биде суден заради својата борба посветена на Македонија и борба за правата на Македонците како во Република Македонија, така и за нашите сонародници во окупираните делови, а кои би биле санкционирани од нашите органи во државата.

Сегашните осуденици по овие основи претставуваат општомакедонски срам и опомена за оние кои учествувале во нивното кривично гонење и изрекување на санкции, а кои ќе треба да одговараат.

Во таа смисла, ќе се бара ослободување на уставобранителите од 27 Април и повторување на судењето со изнесување на сите докази.

Елиминирање на репресивниот систем и воспоставување на вистинска слобода, каде поради различен став не смее да бидеш следен, гонет, прислушкуван или репресиран од службите.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

## 29. Поддршка на традиционалното семејство, жената и децата.

Родина Македонија го смета семејството како врвна вредност, заснована врз традиционалните и културните вредности на македонскиот народ. Оттука, децата се нашето најголемо богатство кои заслужуваат да бидат соодветно третирани и воспитувани во рамките на нашите севкупни вредности. Истовремено, Родина Македонија бракот го смета за заедница помеѓу маж и жена. Се спротиставуваме на сите обиди за посвојување на деца од страна на лица кои живеат во истополови заедници.

Исто така, Родина Македонија ќе се спротистави на влезот на родовата идеологија во школите, медиумите, државните институции, националните програми, како и на сеопфатното сексуално образование.

Воедно, ќе спречиме било каква индоктринација, вклучително и таа која се случи со промоцијата на една агресивна воена организација, како што е НАТО, во градинките и школите. Обидите за промовирање на овие самопрогласени „вредности“ ќе бидат санкционирани.

Родина Македонија ќе настојува да се напушти Истанбулската конвенција и да се практикуваат постоечките закони за заштита од насилство, како и Законот за еднакви можности на жените и мажите.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

# 30. Статусот на Македонската православна црква.

Се чини дека прашањето на Македонската православна црква, односно нејзиниот статус, престанува да биде прашање на православниот македонски верник, а повеќе прашање на тесните црковни органи. Треба да биде јасно дека Црквата постои првенствено за верниците во сопствената држава, а потоа за општење со другите меѓународни црковни авторитети. Со самото тоа, нејзината судбина и понатамошно уредување не може да биде надвор од искажаната волја на православното население. Но, очигледна е силно изразената состојба на потчинетост кон некакви непостоечки „вселенски“ цркви, игнорирајќи ги пријателски настроените цркви во Русија или сега и во Србија, кои ја признаа афтокефалноста на МПЦ. Притоа, не навлегувајќи во историско - правната содржина на тој чин на признавање и дали од историско - канонски аспект морало да се случи на ваков начин, сепак останува впечатокот дека МПЦ повеќе го следи државно - политичкиот момент, отколку црковно - народниот. МПЦ не смее да си дозволи било каква промена во идентитетска смисла (промена на името, на пример; приоритет во соработката со оние цркви кои се покажаа во историска и сегашна смисла како непријателски, а за сметка на отстапки во поглед на името, имотот и сл....). Црквата постои за народот, а не за дневно - политички пазарења. Уште повеќе, заради историските случувања, православниот македонски народ е посебно поврзан со својата Црква и не ќе можат нејзините органи да одлучуваат самостојно за битни прашања, без притоа народот да не биде прашан.

РОДИНА

www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ

14

# 31. Заштита на приватноста на граѓанинот.

Основен принцип е дека ниту еден жител не смее да биде предмет на следење, прислушкување или снимање без судски налог, кој ќе биде строго ограничен само за потешки кривични дела (тероризам, уривање на уставниот поредок или безбедноста на државата, потежок криминал, корупција).

Доколку дојде до неовластено нарушување на приватноста на граѓанинот, ќе се гарантира правото тој да го добие комплетното досие, нарачателот, како и да покрене судски процес против истите.

Во врска со тоа ќе се иницира донесување или изменување и дополнување на соодветните закони во оваа област, односно закони кои се однесуваат на приватноста на податоците како и заштита на личните податоци. каде што ќе се определуваат методите и стандардите за обработка, складирање и пренос на лични податоци. Ова вклучува техники за шифрирање, мерки за безбедност на податоци и обврски за известување во случај на кршење на безбедноста.

Граѓаните ќе имаат право на пристап до своите лични податоци и контрола врз користењето на тие податоци. Ова вклучува правото да се бараат исправки или бришење на непотребни или неточни податоци. Тука ќе треба да бидат испочитувани и други принципи кои се однесуваат на претпазливост и пропорционалност, што значи дека обработката на лични податоци треба да биде ограничена на она што е неопходно за постигнување одредени цели и да се избегнува непотребната или непропорционална обработка.

Како поддршка на претходното треба да биде разработен и системот на надзор и казнени одредби во оваа сфера  за организациите и лицата кои ги кршат принципите на законската заштита на приватноста. Ова може да вклучува надлежни органи за заштита на податоци и механизми за казнување на кршење на законите.

РОДИНА
www.rodina.org.mk

contact@rodina.org.mk
+389 70 403 439
+389 70 403 413

ГЛАСАЈ 14